КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## Правосудство: Актуелни судски постапки

### Коалиција „Сите за правично судење“

Ул. Македонија 11/2-10
Скопје, 1000
00 389 2 6139874
contact@all4fairtrials.org.mk

Август, 2018

**Издавач:**

Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**

Тимот на Коалиција Сите за правично судење

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## „ТИТАНИК“ КОК-7/18

На 16.08.2018, 17.08.2018 и 20.08.2018 година се одржаа рочишта по овој предмет на кои што започна доказната постапка и се изведуваа аудио снимките предложени во листата на докази на обвинителниот акт. Наредното рочиште е насрочено на 12.09.2018 година.

## „27ми АПРИЛ“ КОК-40/18

На 22.08.2018 година започна судската постапка по овој предмет, беше утврден идентитетот на обвинетите и беа дадени воведните говори на Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција. На 23.08.2018 година рочиштето продолжи со давање на воведни говори од страна на обвинетите и нивните бранители, беа дадени 11 воведни говори. На 24.08.2018 година се продолжи со воведните говори и беа дадени 47 воведни говори од страна на одбраната и обвинетите. На 27.08.2018 година откако се заврши со воведните говори се продолжи со поуките за правата на обвинетите и произнесување по однос на вина. На 31.08.2018 година започна доказната постапка и беа испитани 4 сведоци предложени од јавното обвинителство. Наредното рочиште е насрочено на 06.09.2018 година.

## „ТНТ“ КОК-53/17

На 29.08.2018 година рочиштето беше одложено поради тоа што еден обвинет не бил усогласен со својот бранител во врска со неговата одбрана пред судот. Наредното рочиште е насрочено на 10.09.2018 година.

## „ОПШТИНА ЦЕНТАР“ КБР.1904/16

На 30.08.2018 година беше сослушан 1 сведок на специјалното јавно обвинителство. Наредното рочиште е насрочено на 17.09.2018 година.

## „МОНСТРУМ“ КОК-66/17

На рочиштата на 22.08, 24.08 и 31.08.2018 година беше испитуван загрозениот сведок од страна на специјалното јавно обвинителство, бранителите и обвинетите и од страна на судот.

## „ТИТАНИК 2“ КОК-62/17

На рочиштето одржано на 27.08.2018 година продолжи доказната постапка и беа испитани 4 сведоци. Наредното рочиште е насрочено на 06.09.2018 година.

## „ТЕНК“ (раздвоена постапка) КОК-21/18

На 29.08.2018 година се одржа рочиште и продолжи доказната постапка на која беа испитани 2 сведоци. На 30.08.2018 година беа испитани 7 сведоци од страна на специјалното јавно обвинителство и одбраната на обвинетата.

## „ТАРГЕТ/ТВРДИНА“ КОК-47/17

На 31.08.2018 година започна судската постапка и беа дадени воведните говори од страна на специјалното јавно обвинителство, потоа обвинетите беа поучени за правата и беа прашани да се произнесат по однос на вина. Наредното рочиште е насрочено на 13.09.2018 година.

## „ТЕНК“ второстепена постапка пред Апелациониот суд Скопје КОК Ж -23/18

Јавната седница на 30.08.2018 година беше одложена поради отстуство на бранителите на еден од обвинетите. На 31.08.2018 година на јавната седница по 3 одбиени и 1 отфрлено барање за изземање на судечкиот совет и в.д Претседателот на Апелациониот суд продолжи со реферирање на првостепената пресуда од страна на судија известител. Седницата започна во 9:30, а заврши во 19:45 часот, наредната седница е закажана на 05.09.2018 година.